# ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ
# „ТОДЕ ХАЏИ-ТЕФОВ“ КАВАДАРЦИ

## И З В Е Ш Т А Ј

**Од спроведена Самоевалуација на училиштето**



**КАВАДАРЦИ, октомври 2025**

| | |
|---|---|
| Период: | 2023 – 2025 година |
| Вид на училиштето: | Општинско основно училиште |
| Основач на училиштето: | Општина Кавадарци |
| Наставен јазик: | Македонски јазик |
| Директор на училиштето : | Марија Трајкова<br>Тел.бр. 076/377-180<br>e-mail : marijat7@yahoo.com |
| Претседател на Училишен одбор: | Глигор Ѓорѓиевски |
| Адреса на училиштето: | Ул. Пионерска бр.24 |
| Тел/факс: | 043/413-106 |
| e-mail | todehadzitefov@yahoo.comou-todehadzhitefov-kavadarci@schools.mk |
| Web | Todehtefov.edu.mk |

# Извештај од Самоевалуацијата на училиштето

## Наставници кои учествуваа при спроведувањето на Самоевалуација на училиштето по подрачја

| Подрачје бр. 1 | Подрачје бр 2 | Подрачје бр. 3 | Подрачје бр. 4 |
|---|---|---|---|
| Планирање, настава и учење | Постигања на учениците | Училишна клима и односи во училиштето | Управување, раководење и креирање политика |
| Раководител: *Елизабета Јованова* | Раководител: *Марина Видикова* | Раководител: *Благородна К.Панова* | Раководител: *Весна Карова* |
| ТИМ | ТИМ | ТИМ | ТИМ |
| 1. Славица Јаневска | 1. Ценка Тодорова | 1. Милена К.Орешкова | 1. Марија Трајкова |
| 2. Татјана Тотов | 2. Маргарита Бумбароска | 2. Васко Стојанов | 2. Форка Наумова |
| 3. Николче Нешковски | 3. Марија П.Шандаров | 3. Марјан Михов | 3. Ирена Сивакова |
| 4. Виолета Крстева | 4. Петар Арсовски | 4. Соња Јаковлевска | 4. Илина Калешкова |
| 5. Соња Иловска | 5. Фиданка Стојаноска | 5. Слободанка Стоева | 5. Зорица Трипунов |
| 6. Сандра Колева | 6. Марија Нешковска | 6. Магдалена Ганчева | 6. Верица Трајкова |
| 7. Вања Атанасова | 7. Елизабета Филипова | 7. Мима Јованова | 7. Славица Танчева |
| 8. Андријана Василева | 8. Андријана Ласкова | 8. Данче Кузманова | 8. Петре Стојанов |
| 9. Христина К.Пановска | 9. Ристенка Пемова | 9. Катерина Јаневска | 9. Елеонора Гурева |
| 10. Петре Ангелов | 10. Елена К. Шикова | 10. Христијан Бошков | 10. Горан Чадамов |
| 11. Елизабета Манчева | 11. Елена Дишлиевска | 11. Весна Тасева | 11.Розалија Р.Бирлис |
| 12. Перо Попов | 12. Александра Најдова | 12. Гоце Крстев | 12. Игор Миовски |
| 13. Загорка Крстевска | 13. Мануела Маркушева | 13. Митко Ѓорѓиев | 13. Симон Лазороски |
| 14. Ана Котева | 14. Никола Арсов | 14. Стојанче Мишков | 14. Лидија Бакева |
| | 15. Магдалена Д.Маркова | 15. Сијча Сотирова | |

**Комисија за спроведување на самоевалуација:**

**Ленче Нанева - педагог**
**Љубица Митрева - психолог**
**Душанка Трајковска - библиотекар**
**Елизабета Мешкова - наставник**
**Марина Илиева - претстваник од Совет на родители**

## Идентификациони податоци на училиштето

<table>
<tr><td>Име на училиштето</td><td colspan="4">ООУ ,, Тоде Хаџи Тефов “ - Кавадарци</td></tr>
<tr><td>Локација на училиштето</td><td colspan="4">Ул. Пионерска бр. 24</td></tr>
<tr><td rowspan="2">Контакт информации</td><td>Телефон</td><td colspan="2">Факс</td><td>E-mail</td></tr>
<tr><td>043/413-106</td><td colspan="2">043/413-106</td><td>todehadzitefov@yahoo.comou-todehadzhitefov-kavadarci@schools.mk</td></tr>
<tr><td>Директор на училиштето</td><td colspan="4">Марија Трајкова</td></tr>
<tr><td>Степен на училиштето<br><br>Струка</td><td colspan="4">Основно општинско училиште<br><br>Основно општинско училиште<br><br>/</td></tr>
<tr><td>Број на ученици во учебната 2024/ 2025 година</td><td colspan="4">695</td></tr>
<tr><td rowspan="2">Број на вработени<br><br>84</td><td>Наставници</td><td>Стручни соработници</td><td>Административен и технички кадар</td><td>Вкупно</td></tr>
<tr><td>60 + Директор и Помошен директор</td><td>4</td><td>18</td><td>84</td></tr>
</table>

| **Специфичности на организацијата** |
| --- |
| **Подрачно училиште во с. Бегниште**<br><br>**(Подрачни објекти, посебни програми кои се спроведуваат и сл.)** |
| **Стратегија и визија**<br><br>***Нашето ушилиште СЕ СТРЕМИ И ЌЕ СЕ СТРЕМИ да биде средина на една современа, модерна, ефикасна и пред сѐ квалитетна настава која првенствено ќе ги задоволува потребите и интересите на учениците и во која ќе владее висок степен на позитивност и безбедност. Користејќи ги знаењата, вештините, како и искуството што ги стекнуваат во текот на деветгодишното школување, нашите ученици растат и се развиваат во својот втор дом, нормално според своите способности и можностите.*** |
| **Овде сите сме еднакви. Се почитуваме, соработуваме, се толерираме, поучуваме, учиме- активно и интерактивно. Се менуваме себеси како личности. Овде учењето е процес на градење на силни, образовани млади генерации за подобро сфаќање на реалноста и себеси.** |

**ТИМ ЗА САМОЕВАЛУАЦИЈА**

| **Име и презиме** | **Функција во училиштето** |
|---|---|
| **<u>Подрачје бр. 1:</u>**<br>**Планирање, настава и учење**<br>**Раководител: ЕЛИЗАБЕТА ЈОВАНОВА** | Одделенски наставник |
| **<u>Подрачје бр. 2:</u>**<br>**Постигања на учениците**<br>**Раководител : МАРИНА ВИДИКОВА** | Одделенски наставник |
| **<u>Подрачје бр. 3:</u>**<br>**Училишна клима и односи во училиштето**<br>**Раководител: БЛАГОРОДНА К ПАНОВА** | Наставник по француски јазик |
| **<u>Подрачје бр. 4:</u>**<br>**Управување, раководење и креирање политика**<br>**Раководител: ВЕСНА КАРОВА** | Одделенски наставник |

**Координатор на Тимот за Самоевалуација**

| | |
|---|---|
| **Име и презиме** | Ленче Нанева |
| **Функција во училиштето** | Педагог |
| **Телефон** | 070/400-249 |
| **e-mail адреса** | lence.naneva@yahoo.com |

# В о в е д

Врз основа на член 129 од Законот за основно образование ( Службен весник на РСМ бр. бр.161/19, 229/20, 3/25 и 74/25). Комисијата за изготвување на Самоевалуација на работата на ООУ „Тоде Хаџи Тефов” Кавадарци, за период од 2023 – 2025 година изврши самоевалуација на работата на ООУ „ Тоде Хаџи Тефов” Кавадарци.

Самоевалуацијата е спроведена во согласност со Законот за основно образование, а областите се усогласени сообластите од интегралната евалуација согласно со прописите од областа на просветната инспекција.

Целта и намената на самоевалуацијата е да се овозможи прецизен увид во работата на училиштето и да се дадат препораки за подобрување на работата на истото. Со конкретни анализи и осврти во сите области и подрачја на работењето на училишето, се добива јасен приказ за квалитетот во работењето, напредувањето и постигањата на училиштето, се посочуваат силните и слабите страни и се предлагаат мерки за нивно континуирано задржување, односно подобрување, а за слабите страни се предлагаат мерки за нивно надминување.

Самоевалуацијата ги издвојува и **приоритетите** на кои треба да се делува за унапредување и осовременување на наставните и вонаставните активности.

При спроведување на Самоевалуацијата на работата на училиштето вклучени се сите субјекти од училиштето. Преку редовни работни средби и консултации и увид во педагошката евиденција и документација како и обработените анкети од сите Подрачја на Самоевалуацијата извршено е вреднување на четири нивоа:

| МНОГУ ДОБРО – највисок стандард |
|---|
| Со него се евалуираат аспекти од работата на училиштето каде што преовладуваат силните страни. Се очекува училиштето да продолжи да го одржува високото ниво на тој аспект и да ги користи сите можности и добри практики што му се нудат за понатамошно подобрување. |

| ДОБРО |
|---|
| Со него се евалуираат аспекти од работата на училиштето каде што постојат многубројни силни страни. Има и слаби страни, но тие немаат значајно негативно влијание врз искуството што го имаат учениците во училиштето. |

| ДЕЛУМНО ЗАДОВОЛУВА |
|---|
| Со него се евалуираат аспекти од работата на училиштето што имаат некои силни страни, но имаат и значителни слаби страни што влијаат врз искуството на учениците. За ова ниво училиштето е должно да преземе структурни и навремени активности за подобрување на состојбите. |

-
-

| НЕ ЗАДОВОЛУВА |
|---|
| Со него се евалуираат аспекти од работата на училиштето кога постојат значајни слаби страни за кои се потребни дополнителни активности од страна на училиштето. |

-

**За утврдување на соодветно ниво на квалитет на дадено подрачје училиштето користи неколку извори и тоа:**

- **Разговор со сите заинтересирани страни.**
- **Разгледување на ресурсите и документацијата.**
- **Директно набљудување и анализа на документацијата.**

Во продолжение  претставени се:

**а) Силните страни на училиштето.**
**б) Слабите страни на училиштето**
**в) Прирitetите на училиштето**

# Подрачје 1: Планирање, настава и учење

Ниво при евалуација: **Многу добро**

## Силни страни

- Постои добра интеракција меѓу наставниците, соработка и размена на искуства за планирањето на часовите во рамки на стручните активи и во корелација меѓу различни предмети.
- Постои добра интеракција помеѓу учениците и наставниците и меѓу самите ученици.
- Наставниците се однесуваат со почит кон учениците и ги разбираат нивните проблеми и потреби.
- Училиштето реализира низа активности со партнер училиштето со цел спроведување на меѓуетничка интеграција во образованието.
- Учениците се мотивирани, пофалени за вложениот труд и постигнатите резултати, се чувствуваат слободни да поставуваат прашања за она што ги интересира.
- Наставниците ги прилагодуваат активностите за задоволување на индивидуалните потреби на учениците.

## Слаби страни

- Нема пристапна рампа за деца со телесни пречки во развојот во ПУ с.Бегниште.
- Потребна е реконструкција на спортската сала во ПУ с.Бегниште којашто не се користи на часовите по ФЗО.

## Приоритети

- Да се изгради пристапна рампа за деца со телесни пречки во развојот во ПУ с.Бегниште.
- Да се реконструира спортската сала во ПУ с.Бегниште со цел да можат непречено да се реализираат наставните содржини по ФЗО.

# Подрачје 2: <u>Постигања на учениците</u>

Ниво при евалуација: **<u>Многу добро</u>**

## <u>Силни страни</u>

- Училиштето бележи континуитет на просечниот успех со тенденција за благо покачување.
- Училиштето редовно располага со податоци за постигањата на учениците од различен пол и етничка припадност по квалификациони периоди.
- Примената со современи форми и методи во наставата резултира со подобрување на постигањата на учениците.
- Поддршката што ја добиваат учениците во нашето училиште од страна на наставниците, стручните соработници и раководството е на високо ниво.
- Училиштето редовно ги известува родителите за постигањата на нивните деца.
- Училиштето има политика за идентификација на учениците со потешкотии во учењето, надарени ученици и ученици со посебни образовни потреби и спроведува активности за следење и подобрување на нивните постигнувања.

## <u>Слаби страни</u>

- Недоволна иницијатива од страна на наставниците за додатна настава на учениците кои сакаат да научат повеќе од предвиденото на часовите.
- Подобрување на ангажираноста на наставниците во одржување на дополнителната настава

## <u>Приоритети</u>

- Наставниците да им понудат додатна настава на учениците кои сакаат да научат повеќе од предвиденото на часовите.
- Наставниците повеќе да се ангажираат во реализација на дополнителна настава.

# Подрачје 3: Училишна клима и односи во училиштето

Ниво при евалуација: **Многу добро**

## Силни страни

- Училиштето ужива висок авторитет во локалната средина, па и пошироко во однос на воспитно-образовната и стручната работа, менаџирањето, иновациите, условите за работа во него, дисциплината, правичноста и доследноста, како и по законското работење.
- Проблемите и предизвиците се решаваат тековно со преземање активни мерки за нивно превенирање и надминување.
- Во училиштето владее позитивна атмосфера на соработка, еднаквост, правичност и взаемно почитување.
- Поведението и дисциплината во училиштето се на многу високо ниво.
- Секоја учебна година се формира и работи Ученички парламент којшто заедно со Ученичката заедница им овозможува на учениците да ги искажат своите мислења и ставови, организирано да ги остварат своите интереси и права и да учествуваат во донесување одлуки преку демократски методи и механизми
- Ученичкиот правобранител се избира на демократски начин
- Постојано се организираат работилници за превенција и заштита од насилство од страна на психологот, педагогот и специјалниот едукатор рехабилитатор.
- Училиштето промовира еднаков и правичен третман кон сите ученици.
- Вработените во училиштето подеднакво се однесуваат кон сите ученици, независно од полот, етничката припадност, социјалното потекло и индивидуалните способности на учениците.
- Преку Училишниот одбор, училиштето директно ги вклучува родителите во процесот на разгледување, усвојување и предлагање на стратешките документи (Годишна програма за работа на училиштето, Извештај за работата на училиштето, Развојна програма на училиштето, финансиски план и завршна сметка до основачот и др.).
- Училиштето одржува интензивна соработка со Локалната самоуправа и другите локални институции, граѓанските здруженија и бизнис секторот.
- Учениците се запознати со протоколите за справување со насилство, како и за начините за пријавување на насилство.
- Хигиената во училиштето е на високо ниво.
- Училиштето води грижа за безбедноста на вработените и на учениците.
- Училиштето води успешна политика за грижа на учениците од загрозените семејства и спроведува активности за нивна помош во рамките на можностите.
- Училиштето обезбедува целосна поддршка и помош за учениците со здравствени проблеми и за учениците со емоционални потешкотии.
- Училиштето се грижи за професионална ориентација на учениците.

## Слаби страни

- Недоволен број работилници за родители на тема „Заштита од штетните влијанија на пушењето, алкохолот и наркотичните средства”.
- Недоволна посетеност на родителските средби во предметна настава.
- Стари тоалети со чучавци за учениците на приземје.
- Стари тоалети за вработени

## Приоритети

- Одржување рабптилници за родители на тема „Заштита од штетните влијанија на пушењето, алкохолот и наркотичните средства”.
- Училиштето и Советот на родители да изнајдат заедничка стратегија и механизам за зголемен одзив на родителски средби.
- Реконструкција на старите тоалети со чучавци за учениците на приземје.
- Реконструкција на старите тоалети за вработените  на приземје.

## Подрачје 4: Управување, раководење и креирање политики

Ниво при евалуација: **Многу Добро**

### Силни страни

- Континуирано подобрување на инфраструктурата на училиштето.
- Солидна соработка со Локалната самоуправа.
- Почитување на статутарните и деловничките обврски во работење на Училишниот одбор при донесувањето одлуки и транспарентност во неговата работа.
- Училишниот одбор е конституиран согласно законската регулатива и Статутот на училиштето, работи во согласност со изготвена Програма за работа и Деловник за работа.
- Раководниот орган (во соработка со стручните органи и тела) преку солидното менаџирање на финансиските средства и изработка и аплицирање на проекти реализира инфраструктурни зафати, едукација на наставниот кадар и набавка на нагледни средства.
- Целите на училиштето се во согласност со образовната политика преку инкорпорација на Законот за основно образование, Законот за наставници и стручни соработници, Статутот на училиштето и останатите подзаконски акти.
- Во постапките за креирање на училишната политика вклучени се: наставниот кадар, стручните соработници, родителите, учениците, локалната средина, при што се почитуваат насоките дадени од МОН И БРО.
- Соработката со Директорот е на високо ниво.
- Директорот на училиштето ги идентификува слабите страни на училиштето, презема активности за нивно надминување и донесува одговорни одлуки.
- Отворена комуникација и соработка на Директорот со наставниот кадар, родителите и стручните соработници.
- Вклученост на сите вработени во креирање на политиката во училиштето.

### Слаби страни

- Училиштето има потреба од доопремување со библиотечен фонд.

### Приоритети

- Збогатување на библиотечниот фонд.

Изработил:
Училишен педагог: Ленче Нанева

**Училишна комисија:**

**Ленче Нанева: ___________________________________**

**/педагог/**

**Љубица Митрева: ________________________________**

**/ психолог/**

**Душанка Трајковска: ____________________________**

**/библиотекар/**

**Елизабета Мешкова : ____________________________**

**/предметен наставник/**

**Марина Илиева: _________________________________**

**/член од Совет на родители /**

Датум
28.10.2025 година

Директор
Марија Трајкова
------------------------